# УПАТСТВО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ВОЗИЛО

Почитувани,

Возилото мора да се врати најдоцна до датумот на истекување на регистрацијата во последната година од договорот.

Во апликацијата **Возило > Податоци за договорот > Датум на регистрација** – можете да проверите до кој датуме регистрирано возилото. Возилата се враќаат или на локацијата на Порше Лизинг Дооел Скопје или на локацијата на салонот за автомобили што ги испорачал возилата.

За точната локација на враќање на возилото, како и други детали, вашата внатрешна служба задолжена за возниот парк ќе добие навремено известување по е-пошта.

- Ве молиме имајте го предвид следново пред да го вратите возилото:
  Според договорот, **возилото мора да се врати во исправна состојба**, т.е. во согласност со каталогот на прифатлива состојба, до кој можете да пристапите преку апликацијата **Возило > Упатство за употреба > Каталог на прифатлива состојба**

- Доколку не е можно да се извршат поправки на возилото пред да се врати, потребно е сите штети да се **пријават кај осигурителната компанија** и да се оставaт записи за штетата во возилото при примопредавањето на истото.
  (За штетите што не се пријавени, трошоците за поправка ќе бидат надоместени од закупецот)

Со возилото потребно е да се достават и:

- **сообраќајната дозвола**
- **оригиналната АО полиса**
- **двата клуча од возилото**
- **резервното тркало / задолжителната опрема**

При враќање на возилото, на самото место ќе се пополни записник за предавање на возилото, кој ќе го потпишат претставникот на клиентот, како и претставникот на Порше Лизинг Дооел Скопје, односно партнерот или дилерот кој во некои случаи го предава возилото.

Лица за контакт задолжени за сите дополнителни прашања поврзани со процесот на враќање на возилото се:

Нермине Мухаџери (nermine.muhadjeri@porscheleasing.com.mk);mob: +39872 254 962

Зуица Зерде (zuica.zerde.ext@porscheleasing.com.mk);mob: +38972 312 064

Мартин Гонев (martin.gonev.ext@porscheleasing.com.mk);mob: +39870 295 612

Ви благодариме на соработката.